43246

НОВА МАКЕДОНИЈА, 17909,



КОН ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА

# Расчистување на теренот

**● Сметам дека за оваа дискусија најнапред е потребно да се разграничат дејствувањата и практичното функционирање на постоечките институции: Уметничката галерија, Музејот на Македонија и МСУ – вели директорот на Музејот на современата уметност, Зоран Петровски**

По јавно искажаната потреба што Скопје и Македонија ја чувствуваат од Националната галерија, којашто министерот за култура минатата недела во нашиот весник ја поткрепи и со изјава дека Министерството веќе бара простор за таква галерија, со свои искажувања во нашиот весник се јавија директорот на Уметничката галерија Драган Бошнакоски и заменик директорот на Музејот на Македонија, Драгиша Здравковски. Овие две институции и по природата на идејата поради која се основани и според бројот и квалитетот на уметничките дела што ги поседуваат во своите збирки и депоа (за жал, недостапни до пошироката публика), можат да претендираат на овој статус Национална галерија.

Денешниот трет наш соговорник на тема каква и дали Национална галерија во Скопје, е директорот на Музејот на современата уметност, институција основана по земјотресот врз основа на донациите на современите ликовни творци од светот, која во своите збирки поседува и повеќе дела од основоположничките генерации македонски уметници коишто би ја издржале и најстрогата селекција да се најдат во една Национална галерија. Еве што вели за „Нова Македонија“ Зоран Петровски:

– Сметам дека е речиси невозможно да се отвора јавна дискусија за една крупна идеја каква што е иницијативата за создавање нова институција наречена Национална галерија. Невозможно е пред сè поради тоа што за основа на таа дискусија би требало да ни послужи проект, елаборат или основен концепт во кој би биле искажани целите и методите врз кои ќе се базира новата институција. Само на тој начин би можеле да направиме концепциско разграничување меѓу постоечките институции и новата институција. Ова го велам бидејќи во насловот на Музеите на Македонија, до извесен степен, е вградена идејата за репрезентативна национална институција.

– Како што можевме да прочитаме од изјавата за вашиот весник од директорот на Уметничката галерија, г-нот Драган Бошнакоски, во формирањето на Галеријата пред 50 години исто така е вградена идејата таа да биде Национална галерија, иако знаеме дека таа идеја во сите овие години не еволуирала во правец на нејзиното доизградување – вели Петровски и додава – И конечно, тука е Музејот на современата уметност кој и покрај тоа што е основан со помош на меѓународни донации, сепак во текот на своето постоење и во иднина не може својата колекција да ја создава и изградува никако поинаку освен првенствено како национална колекција. Накратко речено, сметам дека за оваа дискусија е потребно најнапред да се направи едно „расчистување на теренот“ во однос на дејствувањето и практичното функционирање на постоечките институции. Инаку, целосно ја поддржувам идејата некогашна „Скопјанка“ да се приспособи за изложбен простор. Обезбедувањето на еден ваков репрезентативен објект би претставувало значаен и квалитативен скок во културната понуда на градот Скопје и на Република Македонија – рече на крајот Петровски.

С. Ѓуровска